Врз основа на член 153 од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13 и 14/2014 година") и член 34 од Привремениот деловник на Државната изборна комисија, Државната изборна комисија на 108-та Седница одржана на 20.06.2014 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за постапување по Известувањето од Претседателот на Собранието на Република Македонија за престанок на мандат на пратеници**

1. Собранието на Република Македонија ја извести Државната изборна комисија со писмен допис број 07-2247/11 од 19.06.2014 година, заведен во архивата на Државната изборна комисија под број 10-2668/1 од 19.06.2014 година дека на Седница одржана на 19.04.2014 година констатира дека согласно член 152 став 1 алинеја 3 од Изборниот законик престанува мандатот на пратениците м-р Никола Груевски, м-р Гордана Јанкуловска, м-р Никола Попоски, м-р Зоран Ставревски, Никола Тодоров, Диме Спасов, м-р Елизабета Канческа – Милевска и м-р Муса Џафери.

2. Државната изборна комисија ќе ја спроведе постапката согласно член 153 од Изборниот законик и ќе ги извести наредните кандидати од листата на кандидати на Коалицијата ВМРО – ДПМНЕ (ВМРО демократска партија за Македонско национално единство) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија
- во изборна единица 1: Јелена Жугиќ од Скопје на местото на м-р Никола Груевски, Андон Чибишев од Скопје на местото на Диме Спасов, Светлана Јакимовска од Скопје на местото на м-р Елизабета Канческа-Милевска;
- во изборна единица 2: Марија Ангелова од Скопје на местото на м-р Гордана Јанкуловска;
- во изборна единица 3: Ѓорѓи Коџабашиев од Велес на местото на Никола Тодоров;
- во изборна единица 4: Благородна Бојаџиева од Неготино на местото на м-р Зоран Ставревски;
-во изборна единица 6: Алим Билали од с.Скудриње,Маврово и Ростуша на местото на м-р Никола Попоски;

како и кандидатот од листата на кандидати на Демократската унија за интеграција – ДУИ,
- во изборна единица 5: Муса Ибраими од с. Житоше, Долнени на местото на Муса Џафери.

3. Се задолжува Одделението за стручно – административно работење и меѓународна соработка да го спроведе овој Заклучок.

Број 07-2668/2
20.06.2014 година

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

Подготвил: Н. Џочкова
Одобрил: Б. Стојановска